**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Секретаријат за европски прашања**

Врз основа на член 49 став 1, член 52 став 2 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 96/19, 110/19 и 154/19), член 40-б став 3 од Законот за Владата на Република Македонија(„Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 140/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.98/19), како и врз основа на член 55 од Законот за административните службеници (,,Службен весник на Република Македонија'' бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019 и 14/20), заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за избор на обучувачи за ЕУ интеграција при Секретаријатот за европски прашања и нивните права и обврски

### Член 1

Со оваа одлука се уредуваат условите за избор на обучувачи за ЕУ интеграција, правата и обврските на обучувачите, како и начинот на работа на Одделението за обука за европски фондови и друга странска помош при Секретаријатот за европски прашања (понатаму во текстот: Центар за обука на СЕП) во однос на обучувачите, заради јакнење на административниот капацитет за преговори и исполнување на обврските од идното членство во Европската унија.

### Член 2

Обучувачи се државни и јавни службеници, како и други лица кои ги исполнуваат условите за обучувач предвидени со оваа одлука, а се ангажираат со цел спроведување на обуки во процесот на европска интеграција и користењето на европските фондови, со цел јакнење на административниот капацитет за преговори и исполнување на обврските од идното членство во Европската унија.

**Член 3**

(1) Обучувач може да биде лице кое е:

— вработено во Секретаријатот за европски прашања или друг орган на државната управа или друг државен орган;

— има завршено високо образование со стекнати најмалку 240 ЕКТС кредити на некој од акредитираните универзитети во Република Северна Македонија или странство,

— поседува повеќе од пет години работно искуство во процесот на европската интеграција и европски фондови, и

— успешно завршило циклус на обука за обучувачи на Центарот за обука на СЕП.

(2) Обучувач може да биде и лице кое не е вработено во орган на државна управа или друг државен орган доколку ги исполнува следните услови:

- поседува стекнато академско звање од втор или трет циклус на студии во областите на Европската унија, или европските фондови или други студии релевантни за европската интеграција,

- поседува повеќе од десет години работно искуство во процесот на европската интеграција и/или европски фондови по исполнување на условот од алинеја 1 на овој став,

- успешно завршило циклус на обука за обучувачи на Центарот за обука на СЕП.

(3) Обучувачите ќе бидат ангажирани согласно слободно изразена волја.

**Член 4**

(1) Центарот за обука на СЕП на секои две години објавува јавен повик за ангажман на обучувачи за обуки во процесот на европска интеграција и користењето на европски фондови.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страницата на СЕП и трае најмалку 15 дена.

(3) Заменикот претседател на Владата задолжен за европски прашања формира петчлена комисија составена од раководниот кадар од носечките сектори на СЕП и Центарот за обука со задолжување да утврдат листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за обучувачи, предвидени со оваа одлука.

(4) Сите кандидати кои ги исполнуваат условите за обучувачи се запишуваат во регистарот на обучувачи и се повикуваат за ангажман, согласно утврдените потреби во годишната програма за обука на Центарот за обука на СЕП.

**Член 5**

(1) Обучувачот може да биде ангажиран како предавач најмногу 24 работни часа на месечно ниво во кои се вклучени и часовите за подготовка на предавањето и извештај од спроведената обука.

(2) Обучувачот е должен веднаш по добивањето на известувањето за потребата од негов ангажман да го извести работодавачот.

(3) Работодавачот има обврска на обучувачот да му овозможи услови за непречено спроведување на обуката, согласно известувањето од став (2) од овој член.

(4) Правата и обврските во однос на формата и содржината на материјалите, временската рамка за подготовка и испорака на материјалите, авторското право, начинот и пристапот во испораката на обуката, евалуацијата и натамошната надградба на

предавањето, како и утврдување на висината на наградата за спроведената обука се регулираат со авторски договор склучен меѓу СЕП и предавачот.

**Член 6**

(1) На предавачот му се исплатува награда за спроведување на обуката во нето износ од 2.000,00 МКД (две илјади денари) за секој реализиран работен час.

(2) Доколку обуката се спроведува надвор од Скопје, на предавачот покрај надоместокот од став (1) на овој член, му се надоместуваат и трошоците за превоз, исхрана и сместување, доколку тие не се обезбедени од страна на организаторот.

(3) Финансиските трошоци неопходни за спроведување на обуките се обезбедени во Буџетот на СЕП како посебна буџетска програма - Програма 60, на годишно ниво наменета за таа цел, или од други извори на финансирање како проекти или донации.

**Член 7**

Центарот за обука на СЕП е надлежен да:

- му предложи на заменикот претседател на Владата задолжен за европски прашања годишна програма за обуки најдоцна до 1 декември за следната календарска година, врз основа на спроведена анкета за потреби од обука и во согласност со тековните приоритети на процесот на европска интеграција,
- ги организира обуките и обезбедува услови за нивно спроведување;
- обезбедува слушатели на предавањата од базата на податоци на утврдените потреби за обуки од областа на Европската унија, или користењето на европските фондови, како и други сродни области кои се предмет на барање на органите на државната управа, а се релевантни за европската интеграција,
- обезбедува градење и усовршување на вештините на обучувачите за начинот на спроведување на обуките,
- води регистар на обуки и обучувачи кој го ажурира на годишно ниво,
- води грижа за квалитетот на спроведувањето на обуката,
- врши мониторинг и оценување на работата на обучувачите,
- на учесниците на обуките им издава потврда по успешно завршување на обуката,
- ги презема потребните административни дејствија за регулирање на работата на обучувачите и нивната награда,
- соработува со други образовни институции и центри за обука од земјата и надвор,
- обезбедува и спроведува проекти,
- врши и други дејствија потребни за непречено одвивање на обуките.

**Член 8**

Обуките се организираат согласно годишната програма за обуки на Центарот за обука на СЕП, која ја донесува заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања најдоцна до 15 декември, за следната календарска година.

**Член 9**

Центарот за обуки има обврска најдоцна до крајот на првиот квартал од тековната година до Владата на Република Северна Македонија да достави извештај за реализација на програмата за обуки и работата на обучувачите за претходната година.

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Заменик претседател на Владата
задолжен за европски прашања

м-р Бојан Маричиќ

Бр. 15-1394/1
19.08.2022 година
Скопје

Подготвила: Е. Буова
Контролирала: Е. Серафимовска – Кирковски
Согласена: Љ. Караманди
Одобрила: А. Вуковиќ